Алма ТАСЕВСКА УДК: 141.333:37

# АНТРОПОЗОФИЈАТА КАКО ОБРАЗОВНА ФИЛОЗОФИЈА

***Кратка содржина***

*Антропозофијата ги отсликува филозофските основи врз кои Рудолф штајнер меѓу другото ја втемелил и валдорфската педагогија. Антропозофијата штајнер ја претставува ккао витален поглед на светот која наоѓа примена во повеќе сфери на модерниот, секојдневен живот, како на пример: антропозофска медицина, валдорфска педагогија, еуритмија-како нова уметност на движењата, а исто така таа иницира нови импулси во архитектурата и уметноста.*

*Филозофските и теоретските антропозофски форми претставуваат основа на бројните наставни методи кои се применуваат во валдорфските градинки и училишта и се рефлектираат во ставовите на многу валдорфски воспитувачи и наставници, како и во генералното структуирање и ориентирање на валдорфското образованието во текот на различните стадиуми на развој.*

*Оттука антропозофија ја претставува појдовната основа валдорската педагогија која е издигната на нивно на образовна филозофија, со само засебе својствени карактеристики.*

***Клучни зборови:*** *АНТРОПОЗОФИЈА, ОБРАЗОВНА ФИЛОЗОФИЈА, ВАЛДОРФСКА ПЕДАГОГИЈА*

## ВОВЕД

Валдорфската педагогија или педагогијата на Рудолф штајнер настанала во почетокот на 20. век во Германија. Таа се карактеризира како целосна педагошка концепција која е оригинална, само засебе својствена и е издигната на ниво на образовна филозофија.

Суштинските аспекти на валдорфската педагогија се засновани на штајнеровиот антропозофски духовен поглед на светот кој претставува единствен и специфичен пристап за воспитување и образование на деца. Идеите на Рудолф Штајнер најпрво биле обликувани и пренесени во валдорфските училишта, за дури по десетина години да се пренесат во системот на предучилишното воспитание и образование, а денес да функционираат во својата комплементарност. Ова е една од ретките педагошки концепции која

што своите педагошки сфаќања, идеи и тенденции ги имплементира во три степени (предучилишно, основно и средно) од системот на образование.

Токму оваа педагогија со своите специфични карактеристики претставува предмет на проучување на бројни педагози во светот, кои се воодушевуваат на начинот на истакнување на смислата во педагошкото дејствување. Валдорфската педагогија исто така е широко распространета во бројни предучилишни, основношколски и средношколски институции во светот, каде компетентните воспитувачи и учители ја чинат достапна нејзината суштина на заинтересираните ученици и родители. Нејзините сосема поинакви, поприродни сфаќања за животот и развојот на децата се топло прифатени од многу родители кои имаат желба своите деца да посетуваат некои од валдорф градинките, а подоцна и валдорф училиштата. Се одржуваат и бројни семинари каде самите родители имаат можност поблиску и непосредно да се запознаат со аспектите на валдорфската педагогија.

## Значењето на антропозофијата

Антропозофијата ги отсликува филозофските основи врз кои Рудолф Штајнер меѓу другото ја втемелил и валдорфската педагогија. Иако секој пристап за нејзино објаснување се соочува со прилична комплексност, сепак неопходноста од запознавањето со антропозофијата се поставува пред секој обид за разбирање и толкување на валдорфската педагогија како образовна филозофија.

Терминот „антропозофија" доаѓа од грчкиот збор „anthropos-sophia" што во превод значи човекова мудрост. Во голем број книги и предавања Рудолф Штајнер го претставува своето учење кое се нарекува антропозофија. Тој се обидува на еден сестран начин да го направи разбирлив ставот дека за нас нормалниот, секојдневен свет е втемелен на духовниот свет. Преку најразлични феномени, од развојот на билките и историските случувања до човековиот живот пред раѓањето и после смртта, штајнер ја опишува соработката меѓу физичкиот и духовниот свет.

Според него антропозофијата нè стимулира самите да постанеме откривачи и изумители на постоењето преку разновидни помошни средства, но самите треба да одлучиме за она што мислиме дека е потребно. Во моментот кога ќе се сфатиме дека духовниот свет на повеќе начини влијае

на нашето постоење и на светот вон нас, тогаш можеме да заклучиме дека не се работи за исклучива езотерика. Антропозофијата всушност означува голема промена во однос на спиритуалната традиција во минатото. Духовноста повеќе не се разбира како затворена во кутија која е вон дофат на повеќето луѓе како езотерија.

Всушност главната промена која антропозофијата ја прави различна и посебна се огледува во „нејзиното свесно настојување да го култивира односот со духовниот свет и односот со физичкиот свет. Во ниту еден момент антропозофијата не трага кон обидите за бегство, напротив се труди Што повеќе да ги доведе во контакт еден со друг. Се додека сите оние кои се бават со антропозофијата работат на практичната страна на својот живот, не престануваат да ја истражуваат духовноста.“ [1]

Антропозофските погледи на штајнер несомнено се преплетуваат во неговите сфаќања за воспитувањето, за кои во една од своите книги вели: „Антропозофската духовна наука не го разбира воспитувањето како наука, како теоретско сознание, туку како вистинска уметност, како уметност која се бави со најблагородниот материјал на светот; со самиот човек, со детето кое нам на така прекрасен начин ни ги открива најдлабоките тајни покажувајќи ни од година во година, би можело да се каже, од недела во недела, што настанува од физиогномијата, од движењата, од сето она, што всушност претставува појава во детскиот живот, како настанува духовно, душевно, кое всушност е скриено длабоко во детето како божествен дар од духовните светови.“ [2]

Антропозофијата како филозофска концепција се проткајува во сите сегменти на размислувања и творења на Рудолф Штајнер. Како дел од изградбата на сопствената образовна филозофија и концепција, штајнер ја востановува еуритмијата која претставува олицетворување на антропозофијата, а подоцна го добива своето значајно место во валдорфската педагогија.

## Еуритмијата-видлив говор

Постојаната тенденција на Рудолф Штајнер да ги направи антропозофијата и уметноста присутна во секој сегмент на животот и развојот на

[1] http://www.antroposophy.com

[2] Štajner,R.1995,Suvremeni odgoj djece i mladeži, Zagreb:Društvo za waldorfsku pedagogiju Hrvatske,str.26

човекот, па така и во воспитно-образовниот процес се гледа и во неговото сосема ново и оригинално дело, а тоа е еуритмијата.

Неа ја втемелил во 1912 г. и ја дефинира како уметност на движењето. Нејзиниот облик е изразување на телото со кое говорот и уметноста стануваат живи и видливи во изведените движења. Всушност на едно предавање во 1910 година штајнер дошол на идеја една русинка-уметник да се обиде преку танц односно движење да искаже се што тој ќе говори.

Зборот еуритмија се состои од два дела eu што во превод од грчкиот јазик значи добро, право и ritmija- која во превод значи ритам. Тоа би значело дека еуритмијате претставува „начин на убаво и добро ускладување на поедини делови на една целина, односно тоа е **складно и хармонично изразување на силата која делува во говорот, музиката и движењето**“ [3].

Во своите дела штајнер ја опишува еуритмијата како танцов облик на уметноста која овозможува музиката и говорот да се изразат преку движењата на телото, така што одредени движења би одговарале на одредени ноти или одредени гласови. Таа често се нарекува и „невидлив јазик“ и „видлива песна“[4].

Како видлива музика, пеење и говор, еуритмијата овозможува видливо изведување на самогласките и согласките, изведување со целото тело тонови, интервали и други законитости во музиката, потоа изразување на хармонијата, јачината на тонот, акордите и сл. Всушност еуритмијата може да се протолкува и како облик на изразување со кој песната и говорот се пренесуваат во движењата, но не како нешто досега непостоечко, впрочем како што е тоа случај во уметничкиот танц, при глумење, мимика или пак сценска кореографија. Но разликата и специфичноста на еуритмијата е тоа што таа поаѓа од гласовите во јазикот т.е. од вокалите и консона-нтите.

Авторот Франс Карлгрен во обидот да го објасни почетниот импулс на откривањето на еуритмијата вели: „Кога ќе изговориме некој глас, во нашата внатрешност се одвива некој вид „невидливо“ волево движење. Тоа е она што во еуритмичкото движење достигнало до видливо изразување. Секој вокал и секоја консонанта има свое специфично движење.“ [5] Во таа смисла значајно е да се истакне неговото толкување за различното доживување на зборовите во зависност од тоа дали преовладуваат вокали или консонанти. Имено зборовите кои се

---

[3] Matijević, M.2001, Alternativne škole-didaktičke i pedagoške koncepcije, Zagreb: TIPEX, str.66

[4] Carlgren, F. 1990, Odgoj ka slobodi, pedagogija Rudolfa Steinera, Zagreb: Društvo za waldorfsku pedagogiju: str.79

[5] Ibid, str. 79

составени претежно од вокали го одразуваат внатрешното расположение и доживување (како на пример: А, О, Ау, Аи, ит.н.) Додека пак оние зборови кои се заситени со консонанти најчесто ги отсликуваат случувањата од надворешниот свет (на пример: мрморење, грмење, шушкање, плескање, и т.н.).

Според штајнер еуритмијата претставува практично школување на вољата која го поттикнува индивидуалниот уметнички сензибилитет, како и новиот вид на свест во просторот. Правејќи го говорот и тонот видлив, се развива нова способност и чувство за увидување на суптилните феномени кои може да се доживеат во меѓу просторот или меѓу односите и на тој начин се добива ново подлабоко увидување во сознанието на самиот себе.

Оттука може да се насети значењето и местото на еуритмијата во валдорфските образовни институции. Нејзиното сфаќање и третман како значаен сегмент во целокупниот-холистички сфатен развој на личноста на детето, доведе до нејзино конституирање како дел од програмата на сите валдорфски градинки и училишта.

Искуствата и анализите во литературата покажуваат дека децата многу добро ги прифаќаат едноставните ритми и вежби кои се наоѓаат од голема помош во јакнењето и урамнотежувањето на нивните тела и нивната животна сила. Во училиштата пак постои развојна тенденција на еуритмијата во која најголемиот премин го прават постарите ученици кои осмислуваат и изведуваат сложени еуритмички изведби на поезија, драма и музика, и така стекнуваат подлабоки познавања на тие дела.

Покрај педагошката еуритмија, постои и терапевтска, и еуритмија како сценска уметност. Овие посебни видови се користат за различни цели, но во основа штајнер смета дека со уметничкото обликување на движењата, еуритмијата го хармонизира душевно-духовното со физичкото, и при тоа има и терапевтски карактер.

### Антропозофијата преточена во образовна филозофија

Значајна суштинска карактеристика на валдорфската педагогија е штајнеровата категоризација на детскиот развој на три седумгодишни периоди. Всушност станува збор за идејата за постоење на три драѓања", а тие се: физичко раѓање на почетокот на првиот седумгодишен период, раѓање на животната сила во периодот на менување на забите и астрално раѓање кое почнува со пубертетот.

Според штајнер, во **првиот** седумгодишен период „волшебната формула на воспитанието" се примерот и однесувањето. Всушност овој период почнува со раѓање на физичкото тело. Малото дете се сфаќа како сетилно битие кое ги набљудува и впива впечатоците од средината.

**Вториот** седмогодишен период, настапува по измената на забите, кога детето може да учи преку авторитетот на воспитувачот од кој се бара да создаде услови каде детето ќе може да развие добри навики и да добие добар животен ритам кои подоцна ќе му овозможат да ја развие сопствената сила и самостојност.

**Третиот** седмогодишен период го карактеризира младиот човек кој дури со постигнувањето на полната зрелост ја достигнува онаа зрелост која му овозможува донесување на одлуки, развивање на самостојното мислење и ослободување. Во овој период, всушност, сето она што детето го презело од својот пример (тоа се луѓе од неговата околина и историски личности) треба да го докаже при пресудување и при свесното делување.

Но она што е особено значајно за оваа категоризација е всушност фактот дека: „поделбата на седмогодишните периоди во антропозофската педагогија не претставува догматска теорија за степените, туку може да се доживеат со интуитивно набљудување на човекот и неговиот ритам."[6]

Во своите размислувања штајнер јасно и аргументирано го истакнува ставот дека јазикот на валдорфската педагогија комплетно е поинаков од оној кој се користи во традиционалното воспитување. Всушност специфичноста на оваа педагогија е тоа што таа „...не е педагошки систем, туку уметност, и тоа уметност за пробудување на она што веќе пулсира во човекот. Во реалноста, таа не тежи да воспитува, туку да буди: Прво да ги разбуди учителите, за да тие потоа ги разбудат децата и младите. Навистина се работи за ново будење, по она кога човештвото останало раздвоено, загушено од струјата на постојаната универзална еволуција."[7]

Во сообразност со неговата филозофија, наречена антропозофија, штајнер составил курикулум кој е соодветен на развојните фази во детството и развивањето на детската творечка фантазија. Тогаш составениот курикулум во голема мера се применува и денес во валдорфските градинки и училишта.

Реализацијата на курикулумот на оваа образовна филозофија се карактеризира со специфична дидактичко-методска организација почнувајќ

[6] Setitz, M.i Hallwachs. U. 1997. Montessori ili Waldorf?: knjiga za roditelje, odgajatelje i pedagoge, Zagreb: Educa, str. 128

[7] Ibid. str. 27

и од предучилишниот период, преку основното училиште, па се до средното образование.

Во предучилишниот период големо внимание се посветува на развој на фантазијата и имагинацијата. Воспитно-образовната реализација започнува преку почитување на годишниот, неделниот и дневниот ритам.

Годишниот ритам се однесува на основната структура на планот и програмата за работа во валдорфските градинки кој се темели на смената на годишните времиња и всушност сите содржини и активности произлегуваат директно од нив. Неделниот ритам во основа го претпоставува специфицирањето на активностите и начинот на реализација на содржините за секоја недела тековно. Додека пак концептот за дневен ритам во валдорфските градинки е особено значаен, бидејќи во основа тоа ја претставува дидактичко-методската структура на севкупните активности во текот на еден ден.

Во овој период од развојот на детето големо внимание се посветува на работните и уметничките активности, како што се: слободната игра, колото, моделирање, готвење, сликање цртање и еуритмија.

Додека пак училишниот период повторно го почитува годишниот, неделниот и дневниот ритам на учениците, но се разбира има свои специфики заради развојните потреби на децата. Наставата по епохи е особено специфична дидактичко-методска определба. Всушност организацијата на наставата по епохи претставува еден вид на продуктивна последица од настојувањата на Рудолф Штајнер да ги надмине ограничувањата кои произлегуваат од круто сфатениот предметно-часовен систем. Преку овој пристап на учениците и учителите им се дава можност одредени содржини од одреден предмет да ги проучат континуирано три до четири недели секојдневно. На тој начин учениците би можеле интензивно да се посветат на̂ материјалот кој се изучува. Така на пример неколку недели се учи пишување или се учи за животните или пак се работи во градината. Основната идеја за ваквиот пристап произлегува од интензивната концентрација и вдлабочување кое настанува кога ученикот подолго време се бави со една тема.

Методскиот пристап од слики до букви, нуди една поинаква перспектива на преминот од предбукварски во букварски период кај учениците во раните основни одделенија. Настава на странски јазик уште од прво одделение и описното оценување во целиот основно школски период претставуваат определби кои штајнер јасно ги поставил, и денес се реализираат во својата оригинална форма.

Оваа образовна филозофија изобилува со свои специфики, но она што е особено важно е всушност нејзината доследност во антропозофската присутност во сите аспекти на педагошко дејствување.

**Заклучок**

Штајнеровото широко образование на светот му ја подари антропозофијата и валдорфската педагогија. Оваа образовна филозофија настојува да понуди воспитување кое учи со доживување, кое не се постигнува со речитост, туку само преку една уметност на воспитувањето која се заснова врз вистинското запознавање на човекот. Достигнувањето на антропозофските начела и воспитно-образовните препораки поставени уште многу одамна, и денес претставуваат посакувана цел и тенденција на голем број стручни работници.

Штајнерова антропозофија и валдорфската педагогија се широко прифатени и претставуваат најраспространета и најразвиена алтернативна педагошка концепција со тренд на уште поголемо проширување. Поаѓајќ и од сфаќањето дека училиштата треба да се грижат за потребите на децата, создадени се образовни институции кои поттикнуваат креативност и слободно мислење. Денес функционираат повеќе од 800 валдорфски училишта, преку 1 000 валдорфски градинки, 300 здравствени институции, 60 институти за школување на валдорфски учители и воспитувачи на сите континенти во светот, во различни културни средини, во 60 земји.

(Рецензент: *проф. д-р Лена Дамовска*)

## ЛИТЕРАТУРА


Barz, H. (1990), *Der Waldorfkindergarten. Geistesgeschichtliche Ursprünge und entwicklungspsychologische Begründung seiner Praxis*, Weinhem und Basel: Beltz Verlag

Бели, А. (2003), *Рудолф штајнер*, Београд: БРИМО

Bognar, L., Matijević, M. (1993), *Didaktika,* Zagreb: Školska knjiga.

Дамовска, Л. (2001), *Компатибилноста на предучилиШното со основното воспитание и образование*, Скопје: Круг

Carlgren. F. (1990), *Odgoj ka slobodi*, Zagreb: Društvo za waldorfsku pedagogiju.

Matijević, M. (2001), *Alternativne škole*, Zagreb: TIPEX

Matijević, M. (1994), *Pluralizam u odgoju i školstvu*, Zagreb: Katehetski salezijanski centar

Steiner, R. (1960), *Antroposophie und Christentum, Sonderdurck aus dem Band: Christus und die menschliche Seele*, Dornach: R Steiner-Nachlaβverwaltung

Steiner, R. (1995), *Pedagoška osnova i ciljevi waldorfske škole;tri pismena rada*, Zagreb: Društvo za waldorfsku pedagogiju Hrvatske.

Steiner, R. (1995), *Odgoj djeteta; sa stanovišta duhovne znanosti*,Zagreb: Društvo za waldorfsku pedagogiju Hrvatske

Steiner, R. (1982), *The Kingdom of Childhood*, London: Rudolf Steiner press

Štajner, R (2005), *Teozofija*, Beograd: Wort

Штајнер, Р. (1996), *Философија слободе*, Панчево: СУПРА ЛИБРОС.

http://www.antroposophy.com

http://www.rudolfsteiner.de

http://www.waldorfschule.info

Alma TASEVSKA

# ANTHROPOSOPHY AS EDUCATIONAL PHILOSOPHY

***Brief Summary:***

*Anthroposophy reflects the philosophical bases upon which Rudolph Steiner, among other things, established the Waldorf pedagogy. Anthroposophy represents a vital view of the world which can be applied in several fields of the modern, everyday life, such as: anthroposophic medicine, Waldorf pedagogy, eurythmy-as a new art of movements, and it also initiates new impulses in architecture and art.*

*The philosophical and theoretical anthroposophic forms represent the foundation of the numerous teaching methods that are being applied in Waldorf kindergartens and schools, and are reflected in the views of many Waldorf educators and teachers, as well as in the general structuring and orientation of the Waldorf education in the course of the different stages of development.*

*Hence, anthroposophy represents the starting point of the Waldorf pedagogy which has been raised to the level of educational philosophy with its own unique characteristics.*

***Key words:*** *ANTHROPOSOPHY, EDUCATIONAL PHILOSOPHY, WALDORF EDUCATION*